# ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА ПРОСТОРИИТЕ ВО ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА



Согласно  препораките и мерките на Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија , денес  волонтерите од општина Неготино извршија дезинфекција на сите работни простории во општинската зграда.

За потсетување , во текот на претходните денови беше извршена дезинфекција на сите улици во град Неготино, населените места како и дезинфекција на сите станбени згради во општината.

Уште еднаш упатуваме апел до граѓаните да не ги напуштаат своите домови без потреба и да ги следат препораките од Министерството за здравство, бидејќи само така ќе го спречиме ширењето на овој вирус во нашата општина.



